Прашање и одговори бр. 5

1. Прашање: Во однос на Прилог бр. 1- Образец за Понуда, Ве молиме за објаснување на делот во ред бр. 6 (4*-5) дали значи дека во таа колона треба да се цената на понудениот мазут без ДДВ мунус дадениот попуст?

   Одговор: Да.

2. Во однос на **Прилог бр. 1- Образец за Понуда, Ве молиме за објаснување на делот во ред бр. 7 (Превоз МКД/кг)** дали значи дека во таа колона треба да се внесе цената на превозот по килограм без вклучен ДДВ?

   Одговор: Да.

3. Во однос на Прилог **бр. 1- Образец за Понуда, Ве молиме за објаснување на делот во ред бр. 8 (6+7)** дали значи дека во таа колона треба да се внесе вкупната цена (Мазут+превоз) без вклучен ДДВ?

   Одговор: Да.

4. Во однос на **Прилог бр. 1- Образец за Понуда, Ве молиме за објаснување на делот во ред бр. 9 (3x8)** дали значи дека во таа колона треба да се внесе вкупната цена (Мазут+превоз) помножена со вкупната количина од колона 3?

   Одговор: Да.

5. Ве молиме за појаснување дали во редот Вкупно на паритет ДДП без вклучен ДДВ треба да стои вкупната единечна цена МКД/кг од колона 8 или Вкупната цена без ДДВ од колона 9?

   Одговор: Во редот Вкупно на партитет ДДП без вклучен ДДВ треба да стои вкупната цена без ДДВ од колона 9.

6. Во однос на точка 4* а имајќи предвид дека корекцијата на огласот е на 30.10.2026 рзбираме дека треба да се земе цената на РКЕ објавена на 26.10.2026 год. без разлика што после тоа има објавено уште две објави од РКЕ за највисоки малопродажни цени на Мазут М1?

   Одговор: Треба да се земе важечката цена на 31.10.2026 година.

7. Во коригираниот Прилог бр.3 - Изјава за прифаќање на услови од тендерот во делот кај што е објавен тендерот треба да стои денот на објавата на тендерот/ТД (16/10/2026) или денот на корекцијата на ТД (30/10/2026) или и двете?

Одговор: Во коригираниот Прилог бр. 3 ќе се уважуваат и двата датуми.

8. Во врска со образецот на Изјавата (Прилог 3), Ве известуваме дека предметниот превоз на опасни материи нема да го врши директно понудувачот, туку ќе биде ангажирано овластено правно лице кое поседува соодветна лиценца/дозвола за транспорт на опасни материи. Поради тоа, бараме да извршите корекција/прилагодување на предметниот образец (Прилог 3), со што ќе му се овозможи на понудувачот да изјави дека за реализација на превозот ќе ангажира соодветно лиценцирано правно лице (подизведувач/трето лице).

   Одговор: Доволно е понудувачот да ја потпише Изјавата (Прилог бр.3).

9. На страна 12 "Вкупна цена на нашата понуда без вклучен ДДВ изнесува" се дава единечната цена на мазут +превоз или вкупната количина/износ на целата јавна набавка (65000000 * цена)?

   Одговор: На страна 12 „Вкупната цена на нашата понуда без вклучен ДДВ изнесува“ се дава износот од колона 9.

Комисија за ЈН